**Република Северна Македонија**
**Општина Крушево**
**Бр. 21-111/13**
**од 17.01.2024 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 50 став (1) точка 4 и 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 50 и член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23) како и донесената Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година бр. 08-1322/11 од 29.12.2020 година, Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година бр. 08-1328/11 од 28.12.2021 година, Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година бр. 08-1407/10 од 27.12.2022 година, донесени од Советот на општина Крушево, Градоначалникот на општина Крушево објавува:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## за организирање на јавна презентација и јавна анкета за предлог Урбанистички план за село Алданци, Општина Крушево (плански период 2021 – 2031 година)

Се организира на јавна презентација и јавна анкета за предлог Урбанистички план за село Алданци, Општина Крушево (плански период 2021 – 2031 година).

Границата на планскиот опфат го опфаќа селото Алданци, КО Алданци, Општина Крушево.

Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува 74,66 ха.

Јавната анкета се организира со излагање на планот во Центарот за информирање на граѓаните на Општина Крушево и во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево, соба број 23, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот, а ќе трае 30 денови, почнувајќи од 18.01.2024 година до 16.02.2024 година. Во исто време ќе се спроведува и во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам, а ќе биде објавена и на веб страната на општината www.krusevo.gov.mk.

Јавната презентација како стручно презентирање на планската документација се организира во рамките на јавната анкета и трае еден работен ден, а ќе се одржи на ден 30.01.2024 година, во 11:00 часот, во салата на Пензионерски дом Крушево.

Предлог Урбанистички план за село Алданци, Општина Крушево (плански период 2021 – 2031 година) во печатена форма ќе биде истакнат во просториите на Центарот за информирање на граѓаните на општина Крушево и Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево.

Сите заинтересирани субјекти, физички и правни лица во предвидениот рок, на анкетни листови ќе можат да ги доставaт своите забелешки, мислења и предлози по предлогот на планот. Анкетните листови можат да се подигнат во соба број 23 секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот.

**Општина Крушево**
**Градоначалник,**

**м-р Томе Христоски**